ЗЕЛС
BNJVL

# ГЛАСИЛО
# GAZETË

МАРТ 2019
MARS 2019



ЗАЕДНИЦА
НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА
САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**-ЗЕЛС**

BASHKËSIA
E NJËSIVE TË
VETËQEVERISJES
LOKALE TË
REPUBLIKËS SË
MAQEDONISË SË VERIUT
**-BNJVL**



**Почитувани,**

Управниот обор на ЗЕЛС на осмата седница донесен заклучок да се стави крај на легализацијата со по едно евро, на бесправно изградените објекти. Ова произлезе од дискусијата за нацрт верзијата на предлог Законот за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, што го подготви Министерството за транспорт и врски. Управниот одбор утврди дека е потребно непосредно учество на претставници од ЗЕЛС во самото подготвување на предлог законските мерки за оваа област и дека при тоа треба да се застапува ставот, за овие објекти да се платат редовно предвидените комуналии но, истовремено и дополнителни пенали, како казна дека се постапувало нелегално. Управниот одбор утврди и иницијатива која ЗЕЛС ја испрати до Владата на Република Северна Македонија и до Министерството за информатичко општество и администрација( МИОА) а која се однесува на измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во членот 102. Беше посочено дека со измените се ограничува правото на единиците на локалната самоуправа и се забранува истите да предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со свои услуги или активности преку приватни радиодифузери. На тој начин им се отежнува на општините, особено на помалите, да го реализираат членот 8, од Законот за локална самоуправа, со кој се утврдува дека органите на општината, комисиите на Советот и јавните служби основани од општината се должни да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината. Во месец март беше посветено поголемо внимание и на активирањето на работата на комисиите при ЗЕЛС, кои се составени исклучиво од градоначалници, за разлика од професионалните мрежи при ЗЕЛС, кои ги сочинуваат претставници од општинската администрација. Од вкупно осум комисии при ЗЕЛС, чии членови беа утврдени од страна на Управниот одбор, седум одржаа конститутивна седница во текот на месец март. Комисијата за финансирање беше конституирана во претходниот период. Секоја комисија избра претседател, од редот на своите членови и утврди начинот на нејзиното натамошно работење, а пред се ги утврди актуелните предизвици за кои ќе се залага за нивно соодветно решавање. Во овој месец, во просториите на ЗЕЛС состанок одржа и Мрежата на територијални противпожарни единици (ТППЕ) при ЗЕЛС, која изгласа нов претседател, поради заминување во пензија на претходниот, но и разгледа низа предизвици со кои се соочуваат овие органи и самите пожарникари. Официјално ЗЕЛС стана дел од проектот „Локална самоуправа и промена на урбано-руралните односи – ЛоГов", како еден од 10-те партнери на проектниот Конзорциум. Проектот се стреми кон постигнување на специфични цели со цел јакнење на способноста на локалните власти да се справат со влијанието на урбаната-рурална поделеност. За овие и за другите активности на ЗЕЛС во овој период, ќе може да прочитате во мартовскиот број на Гласилото на ЗЕЛС.

Со почит,
Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС

**Të nderuar,**

Bordi drejtues i BNJVL-së në seancën e tetë mori një konkluzion që t'i vihet fund legalizimit për një euro të objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme. Kjo doli nga diskutimi për draft-versionin e propozim-Ligjit për përcaktimin e statusit ligjor të objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme, të cilin e përgatiti Ministria e Transportit dhe Lidhjeve. Bordi drejtues konstatoi se është e nevojshme një pjesëmarrje e drejtpërdrejtë e përfaqësuesve të BNJVL-së në përgatitjen e propozim masave ligjore për këtë sferë dhe se duhet të mbahet qëndrimi që për këto objekte të paguhen rregullisht shpenzimet e parapara komunale, por njëkohësisht edhe dënime shtesë, si një ndëshkim se është vepruar në mënyrë të paligjshme. Bordi drejtues përcaktoi edhe iniciativën të cilën e dërgoi BNJVL-ja në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe në Ministrinë e Shoqërisë Informatike dhe Administratës (MSHIA), e cila ka të bëjë me ndryshimet e Ligjit për shërbimet audio dhe audiovizuele mediale në nenin 102. U theksua se me ndryshimet kufizohet e drejta e njësive të vetëqeverisjes lokale dhe ndalohet që ato të parashohin mjete për informimin e publikut lidhur me shërbimet ose aktivitetet e tyre nëpërmjet transmetuesve privatë. Në këtë mënyrë vështirësohet puna e komunave, sidomos të atyre më të voglat, që ta realizojnë nenin 8 të Ligjit për vetëqeverisje lokale, me të cilin përcaktohet se organet e komunës, komisionet e Këshillit dhe shërbimet publike të themeluara nga komuna kanë obligim që t'i informojnë qytetarët për punën e tyre, si dhe për planet dhe programet që janë të rëndësishme për zhvillimin e komunës. Në muajin mars iu kushtua një vëmendje të madhe edhe aktivizimit të punës së komisioneve të BNJVL-së, të cilat përbëhen enkas nga kryetarë komunash, për dalim nga rrjetet profesionale të BNJVL-së, të cilat përbëhen nga përfaqësues të administratës komunale. Nga gjithsej tetë komisione të BNJVL-së, anëtarët e të cilave u përcaktuan nga ana e Bordit drejtues, shtatë prej tyre mbajtën seancë konstitutive gjatë muajit mars. Komisioni i financave u formua në periudhën e mëparshme. Çdo komision zgjodhi kryetarin e tij nga radha e anëtarëve të vet dhe përcaktoi mënyrën e punës së tij së mëtejshme, e para të gjithash i përcaktoi sfidat aktuale për të cilat do të angazhohet t'i zgjidhë në mënyrë përkatëse. Në këtë muaj, në hapësirat e BNJVL-së takim mbajti edhe Rrjeti i njësive territoriale të zjarrfikësve (NJTZ) i BNJVL-së, i cili zgjodhi kryetarin e ri për shkak të shkuarjes në pension të kryetarit paraprak, por edhe shqyrtoi një sërë sfidash me të cilat ballafaqohen këto trupa dhe vetë zjarrfikësit. Zyrtarisht, BNJVL-ja u bë pjesë e projektit "Vetëqeverisja lokale dhe ndryshimi i marrëdhënieve urbane-rurale – LoGov", si një nga 10 partnerët e Konsorciumit. Projekti synon arritjen e qëllimeve specifike me qëllim të fuqizimit të aftësisë së autoriteteve lokale që të ballafaqohen me ndikimin e ndarjes urbane-rurale. Për këto dhe për aktivitete të tjera të BNJVL-së në këtë periudhë, do të mund të lexoni në numrin e marsit të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,
Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Момент мал ДООЕЛ,Скопје
**Дизајн и подготовка:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци
**Печатење:** СОФИЈА ПРИНТ Богданци

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0)2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema – Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska-Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Moment Mal, Shkup
**Dizajnim dhe përgatitje:** SOFIJA PRINT Bogdanci
**Shtyp:** SOFIJA PRINT Bogdanci

# УПРАВНИОТ ОБОР ЕДНОГЛАСЕН ДА СЕ СТАВИ КРАЈ НА ЛЕГАЛИЗАЦИЈАТА СО ПО ЕДНО ЕВРО НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИТЕ ОБЈЕКТИ

Управниот одбор на ЗЕЛС на 26 февруари, 2018 година ја одржа осмата седница на која беа разгледани повеќе актуелни прашања, поврзани со предизвиците на локалната власт. Најголемо внимание присутните посветија на разгледување на нацрт-верзијата на Предлог -законот за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти, што го подготви Министерството за транспорт и врски и го достави на разгледување до ЗЕЛС. Предлогот опфаќа легализација на сите бесправно изградените објекти кои претставуваат градежна и функционална целина, заклучно со 31 декември 2018 година. Притоа, за нивното легализирање е предвидено да се плаќа надоместок со висина два пати поголема од висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште, кој се пресметува во постапката за добивање на одобрение за градење. Во предлогот беше предвидено, надлежните органи, по службена должност, да обезбедат извадок од дигитална снимка заради евидентирање на истиот.

Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС посочија дека е потребно непосредно учество на претставници од ЗЕЛС во самото подготвување на предлогот на законските мерки за оваа област. Во обемната дискусија по ова прашање, преовладуваше ставот дека треба да се стави крај не досегашниот дискриминаторски однос кон граѓаните кои ги почитуваат законските прописи и процедури при градењето на објекти, наспроти „наградувањето" на оние кои градат нелегално и притоа плаќаат по само едно евро за метар квадратен. Беше истакнато дека досегашната практика на имплементирање на ваквите законски решенија предизвика низа сериозни предизвици кај локалните власти при обезбедувањето на инфраструктурните потреби, а забележани се и низа злоупотреби на теренот. Затоа беше предложено да се формира работна група во рамките на Министерството за транспорт и врски во која ќе учествуваат пет претставници од ЗЕЛС, што беа избрани на седницата, а чија задача ќе биде во најбрз можен период да излезе со решенија кои ќе одат во насока на вклопување на овие објекти онаму каде тоа го дозволува урбанистичката планска документација. За овие објекти ќе треба да се платат редовно предвидените комуналии, но истовремено и дополнителни пенали, како казна дека се постапувало нелегално. Оваа работна група треба да утврди и што ќе се случува со бесправно изградените објекти, доколку истите не се вклопуваат во планската документација, како ќе се постапува со објектите изградени на терени за кои сè уште не е изготвена планска документација, кои ќе бидат доказните елементи во постапката, што ќе се случува со објекти изградени на ризични терени и слично. Притоа, беше посочено дека работната група ќе утврди дали оваа материја ќе се регулира со посебен закон или утврдените законски решенија ќе бидат утврдени во некоја од постојните законски регулативи, кои обработуваат ваква материја, како што е Законот за градење. Потоа предлозите од оваа работна група

# BORDI DREJTUES UNANIM PËR T'I DHËNË FUND LEGALIZIMIT TË OBJEKTEVE TË NDËRTUARA NË MËNYRË TË PALIGJSHME PËR NJË EURO

Bordi Drejtues i BNJVL-së më 26 shkurt 2019 mbajti seancën e tij të tetë në të cilën u diskutuan më shumë çështje aktuale që lidhen me sfidat e pushtetit lokal. Të pranishmit i kushtuan më shumë vëmendje shqyrtimit të draft-versionit të Projekt-ligjit për përcaktimin e statusit ligjor të objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme, të cilin e përgatiti Ministria e Transportit dhe Lidhjeve dhe e dërgoi për shqyrtim në BNJVL. Propozimi përfshin legalizimin e të gjitha objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme, të cilat janë një tërësi ndërtimore dhe funksionale, përfundimisht me datën 31 dhjetor 2018. Po ashtu për legalizimin e tyre është paraparë të paguhet kompensim me shumë dyfish më të madhe se shuma e kompensimit për rregullimin e tokës ndërtimore, i cili llogaritet në procedurën për marrjen e një leje ndërtimi. Në propozim ishte paraparë që organet kompetente, sipas detyrës zyrtare, të sigurojnë një ekstrakt nga incizimi digjital për shkak të evidentimit të tij.

Anëtarët e Bordit Drejtues të BNJVL-së theksuan se ka nevojë për pjesëmarrje të drejtpërdrejtë të përfaqësuesve të BNJVL-së në hartimin e projekt-masave ligjore në këtë fushë. Në diskutimin e gjerë për këtë çështje mbizotëronte qëndrimi se duhet të përfundojë sjellja e deritanishme diskriminuese ndaj qytetarëve të cilët respektojnë rregullat dhe procedurat ligjore gjatë ndërtimit të objekteve, kundrejt "shpërblimit" të atyre që ndërtojnë në mënyrë të paligjshme dhe paguajnë vetëm një euro për metër katror. U theksua se praktika e deritanishme e zbatimit të zgjidhjeve të këtilla ligjore shkaktoi një sërë sfidash serioze tek autoritetet lokale gjatë sigurimit të nevojave infrastrukturore, e janë vërejtur edhe një sërë abuzimesh në terren. Prandaj u propozua të formohet një grup pune në kuadër të Ministrisë së Transportit dhe Lidhjeve, në të cilin do të marrin pjesë pesë përfaqësues të BNJVL-së, të cilët u zgjodhën në seancë, e detyra e të cilëve do të jetë që në kohën sa më të shpejtë të mundshme të dalin me zgjidhje të cilat do të shkojnë në drejtim të inkuadrimit të këtyre objekteve atje ku e lejon atë dokumentacioni planifikues urbanistik. Për këto objekte do të duhet të paguhen shërbimet rregullisht të parapara komunale, por njëkohësisht edhe dënimet shtesë si ndëshkim për shkak se është vepruar në mënyrë të paligjshme. Ky grup pune duhet të përcaktojë se çfarë do të ndodhë me objektet e ndërtuara në mënyrë të paligjshme nëse të njëjtat nuk inkuadrohen në dokumentacionin planifikues, si do të veprohet për objektet e ndërtuara në terrene për të cilat ende nuk është përgatitur dokumentacioni planifikues, cilat do të jenë elementet e provës në procedurë, çfarë do të ndodhë me objektet e ndërtuara në terrene të rrezikshme dhe të ngjashme. Pastaj u theksua se grupi i punës do të përcaktojë nëse kjo çështje do të rregullohet me një ligj të veçantë ose zgjidhjet e përcaktuara ligjore do të përcaktohen në ndonjë nga rregullativat ekzistuese ligjore, të cilat përpunojnë çështje të tilla, siç është Ligji i Ndërtimit.

ќе бидат разгледани од страна на Управниот одбор на ЗЕЛС, а ќе бидат испратени и на мислење кај сите локални власти. На седницата, членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС ги усвоија барањата за склучување на меморандуми за соработка, што беа пристигнати од страна на Здружението на даватели на комунални услуги (АДКОМ); Авто Мото Сојузот на Македонија, Скопје за реализација на проектот „Безбедни семејни паркинг зони" и од Сојузот на стопански комори на Македонија (ССКМ). На дневен ред беше поставено и барањето на ССКМ околу Законот за трговија на зелени пазари, а присутните посочија дека го поддржуваат процесот на усогласување на ставовите по ова прашање што се води помеѓу Стопанската комора на Македонија, организаторите на пазарите и Комората на трговци.

Управниот одбор на ЗЕЛС дискутираше и по иницијативата покрената од страна на општините Кочани и Куманово за измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на членот 102, и истата ја прифати со заклучок да се иницираат измени во Законот. Беше посочено дека, членот 102 од овој Закон е несоодветен со исполнувањето на законската обврска на локалната власт да ја информира јавноста, односно своите граѓани за активностите кои ги презема, што е утврдено во член 8 од Законот за локална самоуправа, бидејќи со неа се забранува да се предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со своите услуги или активности преку радиодифузери. Иако имаше одредена измена со која беше посочено дека институциите, меѓу кои и локалните власти кои имаат склучено договори со радиодифузерите за оваа намена, ќе ги продолжат договорите сѐ до нивното истекување, тоа не претставуваше дефинитивно решение за овој предизвик. Поточно останува отворено прашањето како во следниов период локалните власти ќе ја исполнуваат законската обврска за информирање на своите граѓани, особено кога се спроведуваат помасовни акции на локално ниво, каде е потребно брзо и сеопфатно запознавање на населението, понатаму во средини каде населението е повозрасно и сѐ уште повеќе ги следи традиционалните медиуми, наспроти социјалните мрежи и интернетот и слично.

На оваа седница, членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, исто така, донесоа заклучок ЗЕЛС да им препорача на своите членки да постапат согласно со наводите во информацијата од Владата на Република Северна Македонија за постапување во согласност со измените на Уставот, а го задолжи и извршниот директор на ЗЕЛС да ги реализира измените и во својата документација.

Pastaj, propozimet e këtij grupi të punës do të shqyrtohen nga ana e Bordit Drejtues të BNJVL-së, e ato do të dërgohen për mendimin edhe te të gjitha autoritetet lokale. Në seancë, anëtarët e Bordit Drejtues të BNJVL-së miratuan kërkesat për lidhjen e memorandumeve të bashkëpunimit që kanë ardhur nga Shoqata e ofruesve të shërbimeve komunale (ADCOM); Lidhja Auto Moto e Maqedonisë, Shkup për realizimin e projektit "Zona të sigurta familjare për parkim" dhe Lidhja e Odave Ekonomike të Maqedonisë (LOEM). Në rendin e ditës u vendos edhe kërkesa e LOEM-së rreth Ligjit për tregtinë në tregjet e gjelbra, ndërsa të pranishmit theksuan se mbështesin procesin e harmonizimit të qëndrimeve për këtë çështje që zhvillohet midis Odës Ekonomike të Maqedonisë, organizatorëve të tregjeve dhe Odës së tregtarëve.

Bordi Drejtues i BNJVL-së diskutoi edhe për iniciativën e nisur nga komunat e Koçanit dhe Kumanovës për ndryshimin e Ligjit për shërbimet audio dhe audiovizuale mediale, nenit 102 dhe e pranoi të njëjtën me përfundim që të iniciohen ndryshimet e ligjit. U theksua se neni 102 i këtij ligji është joadekuat me përmbushjen e detyrimit ligjor të pushtetit lokal për të informuar opinionin, gjegjësisht qytetarët e vet për aktivitetet që i ndërmerr, që është përcaktuar në nenin 8 të Ligjit për vetëqeverisjen lokale, për shkak se me atë ndalohet të parashihen mjete për informimin e opinionit lidhur me shërbimet dhe aktivitetet e tija nëpërmjet transmetuesve. Edhe pse kishte një ndryshim të caktuar me të cilin u theksua se institucionet, duke përfshirë autoritetet lokale që kanë lidhur kontrata me transmetuesit për këtë qëllim, do t'i vazhdojnë kontratat deri në skadimin e tyre, kjo nuk ishte një zgjidhje definitive për këtë sfidë. Më saktësisht, mbetet e hapur çështja se si në periudhën e ardhshme autoritetet lokale do ta përmbushin detyrimin ligjor për të informuar qytetarët e tyre, sidomos kur zbatohen aksione më masovike në nivel lokal, ku ka nevojë për informim të shpejtë dhe gjithëpërfshirës të popullatës, pastaj në mjediset ku popullata është më e moshuar dhe ende më shumë i ndjek mediat tradicionale, kundrejt rrjeteve sociale dhe internetit.

Në këtë seancë, anëtarët e Bordit Drejtues të BNJVL-së gjithashtu morën përfundim që BNJVL-ja t'u rekomandojë anëtarëve të saj të veprojnë në përputhje me rekomandimet e informacionit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për të vepruar në përputhje me ndryshimet e Kushtetutës, ndërsa e detyroi edhe drejtorin ekzekutiv të BNJVL-së për t'i zbatuar ndryshimet edhe në dokumentacionin e saj.





## ЗАПОЧНА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ОБУКИ ЗА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА 2019 ГОДИНА

Планот за обуки на ЗЕЛС за единиците на локалната самоуправа за 2019 година е комплетиран и ставен во функција. Предлог-рамката на овој план беше дефинирана врз основа на новите законски измени и потребите на општините, а потоа истиот беше разгледан и дополнет на работилницата со општинските секретари, што се одржа во ЗЕЛС на 24 јануари, 2019 година. Како и во претходните години и оваа година, следеше консултација и со членовите на сите професионални мрежи во ЗЕЛС: за урбанизам и градежништво; за финансии; за образование; за енергетика; за животна средина; за човечки ресурси, за локален економски развој; за односи со јавноста и други, односно, по електронска пошта им беше доставен предлог –планот, со цел тие да го разгледаат и да дадат соодветни предлози за надополнување на обуки кои сметаат дека им се неопходни и кои ќе им помогнат во обезбедувањето на квалитетно извршување на работните обврските во општината. Всушност и идејата на ЗЕЛС, која е преточена и во втората стратегиска цел :– „ обезбедување и одржување на систем на услуги на ЗЕЛС" ја опфаќа заложбата за поддршка на своите членки, за јакнење на капацитетите на општинската администрација. Во таа насока беше формиран и ЗЕЛС тренинг центар, со простории во административната зграда на ЗЕЛС, каде се обезбедени адекватни услови за организирање на обуки, советувања, работилници, кои претставниците од општините ги добиваат бесплатно. ЗЕЛС, исто така, обезбедува и градење на капацитетите на избраните функционери на локално ниво. Во Планот за обуки на ЗЕЛС за оваа година застапени се обуки од повеќе области, меѓу кои: урбанизам; право; финансии; човечки ресурси; животна средина: образование; локален економски развој; евроинтеграции и искористување на ЕУ фондовите; сообраќај; односи со јавноста; информатичко–комуникациска технологија, како и сертифицирани и проектни обуки. Во делот на проектните обуки, ЗЕЛС ќе продолжи со заложбите за подобрување на капацитетите на локалната администрација и на членовите на комисиите за еднакви можности на мажите и жените. Сертифицираните обуки ќе бидат посветени на поддршката на општинската администрација за добивање на сертификатот за поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ ЈИЕ) и на стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија. Другите обуки всушност произлегуваат од надлежностите кои ги спроведува локалната власт, при што се утврдуваат поспецифични области, кои претставуваат новина во работењето на општинската администрација или произлегуваат од одредени законски измени, за чија квалитетна имплементација се потребни дополнителни консултации и обучувања. Тука би ги издвоиле обуките за изработка и примена на функционална анализа за вработени во единиците на локалната самоуправа, како и примената на Законот за административни службеници, од областа на човечки ресурси, потоа, обуката за примена на Законот за општа управна постапка, па обуката од областа на финансиите за планирање и извршување на буџетот на ЕЛС, како и обуката за примена на Законот за градење и други.

## FILLOI ZBATIMI I PLANIT TË TRAJNIMEVE PËR NJËSITË E VETËQEVERISJES LOKALE PËR VITIN 2019

Plani i trajnimeve të BNJVL-së për njësitë e vetëqeverisjes lokale për vitin 2019 është kompletuar dhe është vënë në funksion. Propozim-korniza e këtij plani u definua në bazë të ndryshimeve të reja ligjore dhe nevojave të komunave, ndërsa i njëjti pastaj u shqyrtua dhe u plotësua në punëtorinë me sekretarët e komunave, që u mbajt në BNJVL më 24 janar 2019. Si në vitet paraprake, edhe këtë vit kishte një konsultim edhe me anëtarët e të gjitha rrjeteve profesionale të BNJVL-së: për urbanizëm dhe ndërtimtari, për financa, për arsim, për energjetikë, për ambient jetësor, për resurse njerëzore, për zhvillim ekonomik lokal, për marrëdhënie me publikun etj. Gjegjësisht, propozim-plani iu dërgua atyre në mënyrë elektronike me qëllim që ata ta shqyrtojnë atë dhe të japin propozime përkatëse për plotësimin e trajnimeve të cilat mendojnë se janë të domosdoshme për ta dhe të cilat do t'i ndihmojnë në sigurimin e kryerjes cilësore të obligimeve të punës në komunë. Në fakt, edhe ideja e BNJVL-së, e cila është shndërruar në qëllimin e dytë strategjik: - "Sigurimi dhe mirëmbajtja e sistemit të shërbimeve të BNJVL-së" përfshin zotimin për përkrahjen e anëtareve të saja për përforcimin e kapaciteteve të administratës komunale. Në këtë drejtim u formua edhe Qendra e Trajnimeve të BNJVL-së, me hapësira në ndërtesën administrative të BNJVL-së, ku janë siguruar kushte adekuate për organizimin e trajnimeve, këshillimeve, punëtorive, të cilat përfaqësuesit e komunave i marrin falas. BNJVL-ja, po ashtu siguron edhe ndërtimin e kapaciteteve të funksionarëve të zgjedhur në nivel lokal. Në Planin e trajnimeve të BNJVL-së për këtë vit përfshihen trajnime nga më shumë sfera, ndër të cilat janë: urbanizmi, drejtësia, financat, resurset njerëzore, ambienti jetësor, arsimi, zhvillimi ekonomik lokal, integrimet evropiane dhe shfrytëzimi i fondeve të BE-së, trafiku, marrëdhëniet me publikun, teknologjia informatike-komunikuese, si dhe trajnimet e certifikuara dhe trajnimet e projekteve. Në pjesën e trajnimeve të projekteve, BNJVL-ja do të vazhdojë me zotimet për përmirësimin e kapaciteteve të administratës lokale dhe të anëtarëve të komisioneve për mundësi të barabarta të meshkujve dhe femrave. Trajnimet e certifikuara do t'i përkushtohen përkrahjes së administratës komunale për marrjen e certifikatës për mjedis të favorshëm për biznes në Evropën Juglindore (BFC EJL) dhe për marrjen e autorizimit për kryerjen e procedurës për tjetërsim dhe dhënie me qira të tokës ndërtimore në pronësi të Republikës së Maqedonisë së Veriut. Trajnimet e tjera faktikisht dalin nga kompetencat të cilat i zbaton pushteti lokal, me ç'rast përcaktohen sfera më specifike, që janë një risi në punën e administratës komunale ose dalin nga ndryshime të caktuara ligjore, për implementimin cilësore të të cilave janë të nevojshme konsultime dhe trajnime shtesë. Këtu do t'i theksojmë trajnimet për përgatitjen dhe zbatimin e analizës funksionale për të punësuarit në njësitë e vetëqeverisjes lokale, si dhe zbatimin e Ligjit për nëpunësit administrativë nga sfera e resurseve njerëzore, pastaj trajnimin për zbatimin e Ligjit për procedurën e përgjithshme administrative, pastaj trajnimin nga sfera e financave për planifikimin dhe kryerjen e Buxhetit të NJVL-ve, si dhe trajnimin për zbatimin e Ligjit për ndërtim etj.

## ОПШТИНИТЕ ДАДОА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТОТ „БЕЗБЕДНИ СЕМЕЈНИ ПАРКИНГ ЗОНИ“

ЗЕЛС потпиша Меморандум за соработка со Авто Мото Сојузот на Македонија, Скопје (АМСМ) за реализација на проектот „Безбедни семејни паркинг зони". Во името на единиците на локалната самоуправа, меморандумот го потпиша претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, на свечената промоција на Проектот, што се случи на 27 февруари, 2019 година, во Скопје. Станува збор за реализација на активности за обезбедување на паркинг места, на паркинзите во Град Скопје и општините, односно обележување на посебни места за паркирање за бремени жени и родители на деца до тригодишна возраст.

-„ Локалните власти се секогаш подготвени да дадат активен придонес во зголемувањето на безбедноста во сообраќајот, а тоа го потврдуваме и со нашето вклучување во овој Проект, со кој сметаме дека барем малку ќе придонесеме да им го олесниме движењето во сообраќајот на бремените жени и на родителите на деца до три години. Сите градоначалници и други институции активно ќе се вклучат во натамошното имплементирање на мерките за реализација на проектот, но истовремено апелирам до сите граѓани за развивањето на свеста за правилно паркирање и почитување и на паркинг сигнализацијата, не само на лицата со посебни потреби, туку и на оваа ризична група на граѓани". Ова го истакна претседателот на ЗЕЛС, на промоцијата на која присуствуваа и министерот за внатрешни работи, министерот за транспорт и врски, деканот на Факултетот за безбедност, како и претставници од други релевантни институции, активни учесници и поддржувачи на овој проект.

На средбата беше посочено дека во следниот период ќе се пристапи кон измени во Правилникот за сообраќајните знаци, опрема и сигнализација, со што ќе се предвиди начинот како ќе се определуваат и означуваат овие паркинг простори, и каде истите ќе бидат утврдени, при што беше посочено дека е можно да се направат и измени во Законот за безбедност во сообраќајот, со цел предвидување на санкции за учесниците во сообраќајот кои не ја почитуваат поставената сигнализација за овие паркинг места. Беше посочено дека заинтересираните родители на деца до три години, како и бремените жени кои ќе бидат активни ученици во сообраќајот може да добијат соодветни лепенки за своите автомобили во времетраење од една година. Притоа, беше посочено дека е потребна поддршка од локалната власт за утврдување на најповолните локации на кои би требало да бидат обезбедени вакви паркинг места, особено пред здравствените установи и одредени трговски центри, но и на други места. Во рамките на проектот беше најавено дека ќе биде подготвен и Прирачник со препораки како овие лица да се однесуваат во сообраќајот за да бидат што побезбедни. На средбата беше изнесено дека во 2018 година во нашата земја имало 133 жртви во сообраќајот.

## KOMUNAT DHANË MBËSHTETJE PËR PROJEKTIN "ZONA TË SIGURTA FAMILJARE PËR PARKIM"

BNJVL-ja nënshkroi Memorandum bashkëpunimi me Lidhjen Auto Moto të Maqedonisë, Shkup (LAMM) për realizimin e projektit "Zona të sigurta familjare për parkim". Në emër të njësive të vetëqeverisjes lokale, memorandumin e nënshkroi Kryetari i BNJVL-së, Petre Shilegov, në promovimin solemn të Projektit që u mbajt më 27 shkurt 2019 në Shkup. Bëhet fjalë për realizimin e aktiviteteve për sigurimin e vendeve të parkimit në parkingjet në Qytetin e Shkupit dhe komunat, gjegjësisht shënimin e vendeve të veçanta të parkimit për gratë e shtatzëna dhe prindërit e fëmijëve deri në moshën tre vjeçare.

- "Autoritetet lokale janë gjithmonë të gatshme për të dhënë kontribut aktiv për rritjen e sigurisë në trafik, dhe këtë e konfirmojmë edhe me përfshirjen tonë në këtë Projekt, me të cilin mendojmë se do të kontribuojmë të paktën pak për të lehtësuar lëvizjen në trafik të grave të shtatzëna dhe prindërve të fëmijëve deri në moshën tre vjeçare. Të gjithë kryetarët e komunave dhe institucionet e tjera do të përfshihen në mënyrë aktive në zbatimin e mëtejshëm të masave për realizimin e projektit, por njëkohësisht u bëj thirrje të gjithë qytetarëve për ngritjen e vetëdijes për parkim të duhur dhe respektim të sinjalizimit të parkimit, jo vetëm për personat me aftësi të kufizuara, por edhe për këtë grup të rrezikshëm të qytetarëve". Këtë e theksoi Kryetari i BNJVL-së në promocionin në të cilin morën pjesë edhe Ministri i Punëve të Brendshme, Ministri i Transportit dhe Lidhjeve, Dekani i Fakultetit të Sigurisë, si dhe përfaqësuesit e institucioneve të tjera relevante, pjesëmarrës aktivë dhe mbështetës të këtij projekti.

Në takim u theksua se në periudhën e ardhshme do të bëhen ndryshime në Rregulloren për shenjat e komunikacionit, pajisjet dhe sinjalizimin, me ç'rast do të parashihet mënyra se si do të përcaktohen dhe shënohen këto hapësira të parkimit, dhe ku do të përcaktohen ato. Po ashtu u theksua se është e mundur të bëhen ndryshime edhe në Ligjin për sigurinë e komunikacionit me qëllim që të parashihen sanksione për pjesëmarrësit në komunikacion, të cilët nuk respektojnë sinjalizimin e vendosur për këto vende të parkimit. U theksua se prindërit e interesuar të fëmijëve deri në moshën tre vjeçare, si dhe gratë e shtatzëna që do të jenë pjesëmarrës aktivë në trafik, mund të marrin etiketa ngjitëse adekuate për makinat e tyre me kohëzgjatje prej një viti. Gjithashtu u theksua se ka nevojë për mbështetje nga pushteti lokal për përcaktimin e vendeve më të favorshme në të cilat do të duhej të sigurohen vende të këtilla parkimi, sidomos para institucioneve shëndetësore dhe qendrave të caktuara tregtare, por edhe në vende të tjera. Në kuadër të projektit u paralajmërua se do të përgatitet edhe Doracak me rekomandime se si këta njerëz duhet të sillen në trafik që të jenë sa më të sigurt. Në takim u tha se në vitin 2018 ka pasur 133 viktima të trafikut në vendin tonë.



## ЗЕЛС ВО КОНЗОРЦИУМ НА ЛоГов ПРОЕКТ ОД ХОРИЗОНТ 2020

Порастот на урбано-руралната поделеност во земјите предизвикува низа промени, меѓу кои и менување на односите на локалните власти и на другите владини нивоа. Потребата за надминување на овој предизвик и задржувањето на руралните средини како квалитетно место за живеење, сè повеќе поттикнува неопходност и во обезбедување на нови, адекватни општествени и законски услови што ќе го унапредат целиот процес. Проектот се стреми кон постигнување на специфични цели, со цел јакнење на способноста на локалните власти да се справат со влијанието на урбаната и руралната поделеност. Од тие причини е утврдена потребата за вклучување на академски и практичен пристап за идентификацијата на различните позитивни практики во различни земји, спроведување на анализи, споредување и споделување на искуства и конечно поттикнување на нивна ефективна примена.

Во таа насока ЗЕЛС од 1 јануари, 2019 година официјално стана дел од проектот „Локална самоуправа и промена на урбано-руралните односи – ЛоГов", како еден од 10-те партнери на проектниот Конзорциум и дополнителните осум корисници на програмските активности на проектот. ЛоГов е поддржан преку финансискиот инструмент на ЕУ „Хоризонт 2020", најголемата програма за истражување и иновации на ЕУ, во делот на потпрограмата „Марија Склодовска-Кири - истражување и иновации за размена на кадри".

ЛоГов поттикнува заедничка култура на истражување и иновации, а три карактеристики гарантираат дека проектот генерира креативни идеи кои ги претвора во иновативни пристапи, прилагодливи на различни контексти. Прво: Конзорциумот ги спојува знаењата за локалната самоуправа од четири различни дисциплини (право, политички науки, економија и јавна администрација), со што се зголемува споделувањето на знаењето меѓу нив и дава суштинска слика за локалната самоуправа во контекст на промена на урбано-руралните односи. Второ: меѓународната соработка меѓу 18-те висококвалификувани партнери од шест континенти нуди неверојатен географски простор. Трето: фактот што ЛоГов придонесува и за втората димензија на мобилност, т.е. меѓусекторска размена на вработени, додава уште едно ниво на комплементарни компетенции кон Конзорциумот. Мобилноста преку националните граници и секторските граници им овозможува на партнерите на ЛоГов ефикасно да се споредат и да споделат различни практики што локалните власти ширум светот ги имаат развиено како одговор на слични проблеми и да ги прошират перспективите за кариера на истражувачите, поттикнувајќи го развојот на своите вештини во различни професионални средини. Во рамките на Проектот се утврдени пет тематски работни пакети на истражување и иновации:

**1.** Одговорност на локалните власти и нивниот капацитет за обезбедување на услуги (идентификација, оценка, споредба и споделување практики на локалните власти кои обезбедуваат ефикасно извршување на одговорностите и обезбедување услуги, во контекст на урбано-руралната поделба).

## BNJVL NË KONZORCIUM TË PROJEKTIT LoGov NGA HORIZON 2020

Rritja e ndarjes urbane-rurale në vendet shkakton një sërë ndryshimesh, ndër të cilat edhe ndryshimi i marrëdhënieve të autoriteteve lokale dhe të niveleve të tjera qeveritare. Nevoja për tejkalimin e kësaj sfide dhe mbajtja e mjediseve rurale si një vend cilësor i jetesës, gjithnjë e më shumë nxit domosdoshmërinë e sigurimit të kushteve të reja, adekuate shoqërore dhe ligjore që do ta avancojnë gjithë procesin. Projekti synon arritjen e qëllimeve specifike me qëllim të fuqizimit të aftësisë së autoriteteve lokale që të ballafaqohen me ndikimin e ndarjes urbane-rurale. Për këto arsye është konstatuar nevoja për përfshirjen e qasjes akademike dhe praktike për identifikimin e praktikave të ndryshme pozitive në vende të ndryshme, zbatimin e analizave, krahasimin dhe ndarjen e përvojave dhe së fundmi nxitjen e zbatimit të tyre efektive.

Në këtë drejtim, BNJVL-ja nga 01 janari 2019 edhe zyrtarisht u bë pjesë e projektit "Vetëqeverisja lokale dhe ndryshimi i marrëdhënieve urbane-rurale – LoGov", si një nga 10 partnerët e Konsorciumit të projektit dhe tetë përdoruesve shtesë të aktiviteteve të programit të projektit. LoGov është mbështetur përmes instrumentit financiar të BE-së "Horizon 2020", programi më i madh për hulumtim dhe inovacione i BE-së, në pjesën e nënprogramit "Marija Skllodovska–Kiri – hulumtim dhe inovacione për shkëmbim të kuadrove".

LoGov nxit "kulturën e përbashkët të hulumtimit dhe inovacioneve", ndërsa tri karakteristika garantojnë se projekti gjeneron ide kreative të cilat i shndërron në qasje inovative që mund të adaptohen në kontekste të ndryshme. Së pari: Konsorciumi i bashkon njohuritë për vetëqeverisjen lokale nga katër disiplina të ndryshme (drejtësia, shkencat politike, ekonomia dhe administrata publike), me ç'rast rritet shpërndarja e njohurive midis tyre dhe jep një vizion thelbësor për vetëqeverisjen lokale në kontekstin e zbatimit të marrëdhënieve urbane-rurale. Së dyti: bashkëpunimi ndërkombëtar midis 19 partnerëve të cilësisë së lartë nga gjashtë kontinente ofron një hapësirë të jashtëzakonshme gjeografike. Së treti: fakti që LoGov kontribuon edhe për dimensionin e dytë të mobilitetit, përkatësisht shkëmbim ndërsektorial të të punësuarve, shton edhe një nivel tjetër të kompetencave komplementare ndaj Konsorciumit. Mobiliteti përtej kufijve kombëtarë dhe sektorialë u mundëson partnerëve të LoGov-it që të krahasohen dhe të ndahen në mënyrë efikase praktikat e ndryshme të cilat i kanë zhvilluar autoritetet lokale në mbarë botën si përgjigje për probleme të ngjashme dhe t'i zgjerojnë perspektivat për karrierën e hulumtuesve, duke nxitur zhvillimin e aftësive të veta në mjedise të ndryshme profesionale. Në kuadër të projektit janë përcaktuar pesë pako tematike punuese të hulumtimit dhe inovacioneve:

**1.** Përgjegjësia e autoriteteve lokale dhe kapaciteti i tyre për të siguruar shërbime (identifikimi, vlerësimi, krahasimi dhe ndarja e praktikave të autoriteteve lokale të cilat sigurojnë kryerjen efikase të përgjegjësive dhe sigurimin e shërbimeve, në kontekstin e ndarjes urbane-rurale).

**2.**Финансиски аранжмани за локалните власти (идентификација, оценка, споредба и споделување опции за фер и ефикасни финансиски аранжмани кои ги одразуваат различните околности на локалните власти во урбаните и руралните средини).

**3.**Структура на локалната самоуправа (на пример: здружување на општините, чадор организации, меѓуопштинска соработка): идентификација, оценка, споредба и споделување алтернативни политики за здружување на општините, воспоставување чадорски ентитети со функции на координација и поттикнување меѓуопштинска соработка како одговор на структурните прашања предизвикани од зголемениот урбано-рурален јаз.

**4.** Меѓувладини односи на локалните власти со националните и регионалните власти (идентификација, оценка, споредба и споделување опции за ефективно учество на локалните власти, урбани и рурални, во меѓувладините односи).

**5.** Учество на граѓаните во процесот на донесување одлуки на локално ниво (идентификација, оценка, споредба и споделување опции за комбинирање на директно учество на луѓето во процесот на донесување одлуки и претставување на локално ниво, со должно внимание на различните предуслови и ефекти на демократските алатки во општините).

**2.** Aranzhimet financiare për autoritetet lokale (identifikimi, vlerësimi, krahasimi dhe ndarja e opsioneve për aranzhime të drejta dhe efikase financiare të cilat pasqyrojnë rrethanat e ndryshme të autoriteteve lokale në mjediset urbane dhe rurale).

**3.**Struktura e vetëqeverisjes lokale (për shembull: grupimi i komunave, organizatat e ashtuquajtura ombrellë, bashkëpunimi ndërkomunal): identifikimi, vlerësimi, krahasimi dhe ndarja e politikave alternative për grupimin e komunave, krijimi i entiteteve ombrellë me funksione të koordinimit dhe nxitja e një bashkëpunimi ndërkomunal si përgjigje për çështjet strukturore të shkaktuara nga hendeku i rritur urban-rural.

**4.**Marrëdhëniet ndërqeveritare të autoriteteve lokale me autoritetet kombëtare dhe rajonale (identifikimi, vlerësimi, krahasimi dhe ndarja e opsioneve për pjesëmarrjen efektive të autoriteteve lokale, urbane dhe rurale në marrëdhëniet ndërqeveritare).

**5.**Pjesëmarrja e qytetarëve në procesin e vendimmarrjes në nivel lokal (identifikimi, vlerësimi, krahasimi dhe ndarja e opsioneve për kombinimin e pjesëmarrjes së drejtpërdrejtë të njerëzve në procesin e vendimmarrjes dhe prezantimit në nivel lokal, duke u kushtuar vëmendje parakushteve dhe efekteve të ndryshme të veglave demokratike në komunat).

## ИТНО УТВРДУВАЊЕ НА НОВ ПРИСТАП ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОТИВПОЖАРНИТЕ ЕДИНИЦИ

Владимир Симоновски, командант на Противпожарната бригада на Град Скопје е новиот претседател на Мрежата на територијални противпожарни единици (ТППЕ) при ЗЕЛС. Вака одлучија присутните членови на ова тело, кои тајно гласаа за еден од 8-те кандидати за оваа позиција, кои се од редот на членовите на Претседателството на Мрежата, односно по еден од секој од осумте плански региони во земјава.

Состанокот беше одржан во административната зграда на ЗЕЛС, на 12 март, 2019 година. Изборот за нов претседател на Мрежата произлезе поради оставката што ја поднесе досегашниот претседател на ова тело, Костадин Поповски, раководител на ТППЕ Битола и претставник од Пелагонискиот плански регион, кој најави дека наскоро ќе замине во пензија. Новиот претседател на Мрежата, Симоновски, по изборот посочи дека ќе се залага за зачувување на досегашното единство на ова тело и дека ќе ги продолжи активностите за етапно надминување на сите предизвици со кои се соочуваат противпожарните единици и пожарникарите во земјава. Тој укажа и на потребата за изнесување на актуелните предизвици на противпожарните единици пред Владата на Република Северна Македонија.

Присутните во понатамошната дискусија го посочија предлог-извештајот од скринингот на Европската комисија, на системот на управување со ризиците од катастрофи и цивилната заштита на нашата земја, што беше изготвен врз основа на спроведени разговори со претставници од повеќе институции во земјава, реализирани во месец октомври, минатата година. Овој извештај содржи

## URGJENTISHT TË PËRCAKTOHET QASJE E RE NË FINANCIMIN E NJËSIVE TË ZJARRFIKËSVE

Vlladimir Simonovski, komandant i Brigadës së zjarrfikësve të Qytetit të Shkupit është kryetari i ri i Rrjetit të njësive territoriale të zjarrfikësve (NJTZ) të BNJVL-së. Kështu vendosën anëtarët e pranishëm të këtij trupi, të cilët votuan fshehurazi për një nga 8 kandidatët për këtë pozitë, të cilët janë nga radha e anëtarëve të Kryesisë së Rrjetit, përkatësisht nga një nga secili prej tetë rajoneve planifikuese në vend.

Takimi u mbajt në ndërtesën administrative të BNJVL-së, më 12 mars 2019. Zgjedhja e kryetarit të ri të Rrjetit ndodhi për shkak të dorëheqjes të cilën e dha kryetari i deritanishëm i këtij organi, Kostadin Popovski, udhëheqësi i NJTZ-së së Manastirit dhe përfaqësuesi i rajonit planifikues të Pellagonisë, i cili paralajmëroi se së shpejti do të dalë në pension. Kryetari i ri i Rrjetit, Simonovski pas zgjedhjes tha se do të angazhohet për ruajtjen e unitetit të deritanishëm të këtij trupi dhe do t'i vazhdojë aktivitetet për tejkalimin gradual të të gjitha sfidave me të cilat ballafaqohen njësitë e zjarrfikësve dhe zjarrfikësit në vend. Ai theksoi nevojën për prezantimin e sfidave aktuale të njësive të zjarrfikësve para Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Të pranishmit në diskutimin e mëtejshëm theksuan propozim-raportin e skriningut të Komisionit Evropian të sistemit të menaxhimit të rreziqeve të katastrofave dhe mbrojtjes civile të vendit tonë, që u përgatit në bazë të bisedave të realizuara me përfaqësues nga disa institucione të vendit, të zbatuara në muajin tetor të vitit të kaluar. Ky raport përmban analizë të gjendjeve të caktuara në këtë sferë dhe rekomandime, të cilat

Në këtë drejtim u prezantua qëndrimi i përcaktuar i BNJVL-së, i cili synon thellimin e procesit të decentralizimit në të gjitha sferat, madje edhe në sferën e kulturës, por jo në mënyrën në të cilën është zbatuar deri tani. Autoritetet lokale domosdo duhet të fitojnë edhe mjete adekuate financiare që të mund t'i zbatojnë në mënyrë cilësore kompetencat që u transferohen atyre në nivel lokal, pastaj të sigurojnë punësime të reja në institucionet kulturore dhe një proces më të shpejtë të marrjes së aprovimeve nga Ministria e Financave. Në qëndrimet e përcaktuara është edhe kërkesa për sigurimin e mjeteve shtesë për dotacione kapitale për këtë qëllim, pastaj për rritjen e mjeteve për mirëmbajtjen e vazhdueshme dhe materiale të institucioneve, si dhe për investime të reja me qëllim të përmirësimit të funksionalitetit të objekteve të kulturës.

U ra dakord që analiza e përgatitur t'u dërgohet të gjithë anëtarëve të Komisionit, të cilët pastaj mund të prononcohen në mënyrë shtesë me nisma apo propozime të caktuara. Po ashtu u theksua se Ministria e Kulturës përgatit të gjithë hapat e mëtejshëm dhe ndryshimet dhe plotësimet e nevojshme ligjore me të cilat do të sigurohet një bazë ligjore për zbatimin e decentralizimit në kulturë, duke përfshirë përcaktimin e kritereve për transferimin e të drejtave themeluese të një pjese të institucioneve kombëtare të kulturës nga niveli shtetëror në atë lokal. Pritet që ato së shpejti të shpjegohen para Qeverisë.



## ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ И РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ ОДОБРЕНИ ШЕСТ МИЛИОНИ ЕВРА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА

„Регионален и локален развој" е најновиот одобрен проект што ќе се имплементира во нашата земја, во рамките на ИПА 2 инструментот на Европската Унија. Целта на овој проект, што е во висина од шест милиони евра, е да се зголеми ефективноста, ефикасноста и јавната поддршка на локалното управување, а неговата реализација ќе започне од 2020 година. Со проектот ќе управува Делегацијата на Европската Унија, а Министерството за локална самоуправа ќе го координира целиот процес. За таа цел беше формирана Работна група за локален и регионален развој, која на 21 март, 2019 година ја одржа конститутивната седница, во Владата на Република Северна Македонија. Освен претставници од надлежните министерства, во неа има и еден претставник од ЗЕЛС, како и претставници од донаторската и експертската заедница, од граѓанскиот и од бизнис секторот. Оваа секторска работна група, меѓу другото, ќе претставува и своевиден механизам за планирање на донаторската поддршка врз основа на реформските политики што ги спроведува државата и со неа ќе раководи министерот за локална самоуправа, Сухејл Фазлиу. Преку неа ќе се обезбеди поголема координација за да се избегне преклопувањето на активности и да се обезбеди максимален ефект во имплементацијата на проектите. На првиот состанок на Комисијата беше посочено дека 37 % од поддршката на Европската Унија, или 170 милиони евра, се имплементираат на локално ниво, преку директни проекти, преку ИПА инструментот за прекугранична соработка, проекти кои што се имплементираат преку граѓански организации и другите донатори.

## MIRATOHEN GJASHTË MILIONË EURO NGA BASHKIMI EVROPIAN PËR PËRKRAHJEN E ZHVILLIMIT LOKAL DHE RAJONAL

"Zhvillimi rajonal dhe lokal" është projekti më i ri i miratuar që do të implementohet në vendin tonë, në kuadër të instrumentit IPA 2 të Bashkimit Evropian. Qëllimi i këtij projekti, i cili është në vlerë prej gjashtë milionë eurosh, është që të rritet efektiviteti, efikasiteti dhe përkrahja publike e menaxhimit publik, ndërsa realizimi i tij do të fillojë në vitin 2020. Me projektin do të udhëheqë Delegacioni i Bashkimit Evropian, ndërsa Ministria e Pushtetit Lokal do ta koordinojë gjithë procesin. Për këtë qëllim u formua Grup punues për zhvillim lokal dhe rajonal, i cili më 21 mars 2019 mbajti seancën konstituive në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut. Përveç përfaqësuesve të ministrive kompetente, në të ka edhe një përfaqësues nga BNJVL-ja, si dhe përfaqësues nga bashkësia e donatorëve dhe ekspertëve, nga sektori civil dhe nga sektori i biznesit. Ky grup punues sektorial, ndër të tjera do të jetë edhe një lloj mekanizmi për planifikimin e përkrahjes së donatorëve në bazë të politikave reformatore që i zbaton shteti dhe me të do të udhëheqë Ministri i Pushtetit Lokal, Suhejl Fazliu. Përmes tij do të sigurohet koordinim më të madh që të shmanget përputhja e aktiviteteve dhe të sigurohet efekt maksimal në implementimin e projekteve. Në takimin e parë të Komisionit u theksua se 37% e përkrahjes së Bashkimit Evropian, ose 170 milionë euro implementohen në nivel lokal, nëpërmjet projekteve direkte, nëpërmjet instrumentit IPA për bashkëpunim ndërkufitar, projekte që implementohen nëpërmjet organizatave të shoqërisë civile dhe donatorëve të tjerë.

## ПОТРЕБНО ИНИЦИРАЊЕ НА НИЗА ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

Борјанчо Мицевски, градоначалник на Општина Крива Паланка, е новиот претседател на Комисијата за локален економски развој при ЗЕЛС. Така одлучија членовите на ова тело, на конститутивниот состанокот, што се одржа на 25 април, 2019 година, кога членовите на Комисијата беа информирани и за улогата, задачите и значењето на ова комисија, како и за законската регулатива која во следниов период може да биде предмет на разгледување на Комисијата. На почетокот присутните се задржаа на легислативата од областа на туризмот, при што беа посочени: Законот за такса за привремен престој, Законот за угостителска дејност и Законот за туристичка дејност, за кои беа изнесени низа забелешки и на обуката што ЗЕЛС ја организираше во месец декември, посветена на туризмот во локалната власт. Присутните беа запознаени и со конкретните барања пристигнати од Општина Гевгелија, која иницира измени во Правилникот за категоризација на објекти од физички лица кои вршат услуги за сместување, а предлага и воведување на електронски систем за пријавување на гости. Притоа, беше покренато прашањето за потребата од воведување на словенечкиот модел за пресметка на такса за привремен престој (ТПП) преку плаќање на паушален износ на годишно ниво, при што приходите од таксата да се 100% приход на општината. Беше посочено дека повеќето општини се соочуваат со сериозни предизвици поради неплаќање на оваа такса, потоа со непријавувањето на гостите и нерегистрираните издавачи на станови. Како една од главните причини

## ËSHTË E NEVOJSHME TË INICIOHEN SËRË NDRYSHIMESH LIGJORE PËR PËRMIRËSIMIN E KUSHTEVE TË ZHVILLIMIT EKONOMIK NË PUSHTETIN LOKAL

Borjanço Micevski, Kryetar i Komunës së Kriva Pallankës është kryetari i ri i Komisionit të zhvillimit ekonomik lokal të BNJVL-së. Kështu vendosën anëtarët e këtij trupi në takimin konstituiv që u mbajt më 25 prill 2019, kur anëtarët e Komisionit u informuan për rolin, detyrat dhe rëndësinë e këtij komisioni, si dhe për rregullativën ligjore e cila në periudhën e ardhshme mund të jetë objekt i shqyrtimit të Komisionit. Në fillim të pranishmit shqyrtuan legjislacionin e sferës së turizmit, kështu që u theksuan: Ligji për taksën për qëndrim të përkohshëm, Ligji për veprimtari hoteliere dhe Ligji për veprimtari turistike, për të cilat u prezantuan një sërë vërejtjesh edhe në trajnimin të cilin e organizoi BNJVL-ja në muajin dhjetor, të kushtuar turizmit në pushtetin lokal. Të pranishmit u njoftuan edhe me kërkesat konkrete të arritura nga Komuna e Gjevgjelisë, e cila inicion ndryshime në Rregulloren për kategorizimin e objekteve të personave fizikë që kryejnë veprimtarinë e akomodimit, ndërsa propozon edhe aplikimin e sistemit elektronik të regjistrimit të mysafirëve. Gjithashtu u ngrit çështja për nevojën e aplikimit të modelit slloven të llogaritjes së taksës për qëndrim të përhershëm (TQP) përmes pagesës së një shume paushalle në nivel vjetor, me ç'rast të ardhurat e taksës të jenë 100% ardhura të komunës. U theksua se shumicat e komunave ballafaqohen me sfida serioze për shkak të mospagimit të kësaj takse, pastaj me mosregjistrimin e mysafirëve dhe qiradhënësve të paregjistruar të banesave. Si një nga arsyet kryesore për këtë u theksua mungesa e kuadrove në komunë

за тоа беше наведен недостатокот на кадри во општината за вршење на инспекциски надзор во оваа област. Поради тоа присутните ја подржаа иницијативата за обезбедување на електронски систем за евидентирање на туристите и понудувачите на престој, кој би го водела општината, а би бил директно поврзан и со МВР и со УЈП. Заклучокот што го донесе Комисијата по ова прашање беше сите општини да доставаат мислење и предлози до ЗЕЛС за предизвиците со кои што се соочуваат при спроведување на обврските кои произлегуваат од овие три закони, најдоцна до средината на месец април. Потоа, Комисијата на својот следен состанок истите ќе ги разгледа и ќе донесе сублимирани заклучоци кои ќе бидат презентирани пред Управниот одбор на ЗЕЛС.

Присутните го покренаа и прашањето околу распределбата на средствата за реализација на проектите што се финансираат по основ на рамномерен регионален развој, каде освен централната власт, со сопствени средства секогаш партиципира и локалната власт. Притоа, често се случува при електронското надавање за јавната набавка, некој од операторите да ја намали висината на својата понуда. Во такви ситуации, „заштедените средства" од набавката ги задржува централната власт, а притоа не се намалува и партиципацијата со која учествувала општината. Затоа присутните посочија на потребата да се иницира барање до Владата, до Советот за рамномерен регионален развој (Советот за РРР), Министерството за локална самоуправа и Бирото за рамномерен регионален развој, со кое при вакви ситуации, кога ќе се направи заштеда при електронското наддавање на јавната набавка, овој износ пропорционално да се намали и на сметка на учеството што го дала општината. На состанокот повторно беше реафирмирана иницијативата за основање на гарантен фонд за помош на општините, што би го обезбедило Министерството за финансии. Ваквиот фонд ќе претставува огромна поддршка за сите локални власти, а особено за руралните општини, при аплицирањето за проекти од ИПА програмите и други европски фондови. Членовите на Комисијата беа запознаени и со Програмата за сертификацијата на општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ ЈИЕ), каде ЗЕЛС, заедно со Сојузот на стопански комори (ССК), ја има улогата на национално сертификационо тело за Република Северна Македонија. По спроведувањето на претседателските избори во земјава, ЗЕЛС ќе објави повик до сите општини, на кој можат да се пријават за да го спроведат процесот за стекнување со овој сертификат. Станува збор за единствена програма за подобрување и усогласување на условите за бизнис, поттикнување на економската соработка и привлекување нови инвестиции во регионот на Југоисточна Европа. БФЦ ЈИЕ е печат на квалитет, препознаен во меѓународни рамки, како показател за ефикасна локална администрација и поволна инвестициска клима во Југоисточна Европа. БФЦ ЈИЕ програмата им овозможува соработка на сите актери кои се вклучени во процесот на привлекување инвестиции и развој на условите за подобро и полесно работење.

për kryerjen e mbikëqyrjes inspektuese në këtë sferë. Për këtë shkak, të pranishmit mbështetën iniciativën për sigurimin e një sistemi elektronik për regjistrimin e turistëve dhe ofruesve të qëndrimit, të cilin do ta udhëhiqte komuna dhe i cili do të ishte i lidhur drejtpërdrejt edhe me MPB-në edhe me DAP-in. Konkluzionin që e mori Komisioni lidhur me këtë çështje ishte që të gjitha komunat të dërgojnë mendim dhe propozime në BNJVL për sfidat me të cilat ballafaqohen gjatë zbatimit të obligimeve që dalin nga këto tre ligje më së voni deri në mesin e muajit prill. Pastaj Komisioni në takimin e tij të ardhshëm do t'i shqyrtojë të njëjtat dhe do të sjellë konkluzione të përmbledhura të cilat do të prezantohen para Bordit drejtues të BNJVL-së.

Të pranishmit e ngritën edhe çështjen rreth shpërndarjes së mjeteve për realizimin e projekteve që financohen në bazë të zhvillimit të barabartë rajonal, ku përveç pushtetit qendror, me mjete të veta gjithmonë merr pjesë edhe pushteti lokal. Shpesh ndodh që gjatë ankandit publik për prokurimin publik, dikush nga operatorët ta zvogëlojë shumën e ofertës së tij. Në këto situata, "mjetet e kursyera" nga prokurimi publik i mban pushteti qendror dhe njëkohësisht nuk zvogëlohet edhe participimi me të cilin ka marrë pjesë komuna. Prandaj të pranishmit theksuan nevojën për inicimin e një kërkese për Qeverinë, Këshillin e Zhvillimit të Barabartë Rajonal (Këshilli për ZHBR), Ministrinë e Pushtetit Lokal dhe Byronë e Zhvillimit të Barabartë Rajonal me të cilën, në situata të këtilla, kur do të bëhet kursim gjatë ankandit publik të prokurimit publik, kjo shumë të zvogëlohet proporcionalisht edhe në llogari të pjesëmarrjes të cilën e ka dhënë komuna. Në takim përsëri u riafirmua iniciativa për themelimin e një fondi garantues për ndihmën e komunave, të cilin do ta siguronte Ministria e Financave. Fondi i këtillë do të jetë përkrahje shumë e madhe për të gjitha autoritetet lokale, e sidomos për komunat rurale, gjatë aplikimit për projekte të programeve IPA dhe fondeve të tjera evropiane. Pas zbatimit të zgjedhjeve presidenciale në vend, BNJVL-ja do të shpallë një thirrje për të gjitha komunat, në të cilën do të mund të paraqiten ato për ta zbatuar procesin e fitimit të kësaj certifikate. Anëtarët e Komisionit u njoftuan edhe për Programin e certifikimit të komunave me mjedis të favorshëm për biznes në Evropën juglindore (BFC EJL), ku BNJVL-ja së bashkë me Lidhjen e Odave Ekonomike (LOE), ka rolin e trupit kombëtar certifikues për Republikën e Maqedonisë së Veriut. Bëhet fjalë për programin e vetëm për përmirësim dhe harmonizim të kushteve të biznesit, nxitje të bashkëpunimit ekonomik dhe tërheqje të investimeve të reja në rajonin e Evropës juglindore. BFC EJL është shenja e cilësisë, që njihet në korniza ndërkombëtare si tregues i administratës efikase lokale dhe klimës së volitshme investuese në Evropën Juglindore. Programi BFC EJL mundëson bashkëpunim të të gjithë aktorëve që janë të përfshirë në procesin e tërheqjes së investimeve dhe zhvillimit të kushteve për funksionim më të mirë dhe më të lehtë.



## ИЗНЕСЕНИ БРОЈНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ОПШТИНИТЕ СО СЕДИШТЕ ВО СЕЛО

Благој Илиев, градоначалник на Општина Конче, беше избран за претседател на Комисијата за рурален развој, на конститутивната седница што се одржа на 25 март, 2019 година. Беше посочено дека, освен утврдените членови, во работењето на ова тело ќе може да се приклучуваат и други градоначалници чии општини се со седиште во село кога за тоа ќе утврди Комисијата, а со цел сеопфатно разгледување на проблемите и донесување на заеднички решенија.

Присутните ги разгледаа актуелните состојби во оваа област, при што како посебна точка беа посочени предизвиците со кои се соочува локалната самоуправа при реализација на програмите за рурален развој. Присутните беа информирани дека до архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, досега мал број на општини доставиле писмени дописи за своите согледувања за причините за запирањето и незавршувањето на проекти што треба да се финансираат од Националната програма за рурален развој, иако тоа беше побарано од Министерството, на состанокот одржан уште во месец јануари, 2019 година. Исто така, беше посочено дека не се реализирани ниту барањата на општините, изнесени на овој состанок, меѓу кои барањето за подобрување или за забрзување на активностите за да се деблокираат запрените постапки за донесување на урбанистички планови. Напротив, присутните потврдија низа случаи на застој на постапките, а како една од најчестите причина за тоа беше наведена нефункционалноста на системот е-урбанизам, што е во надлежност на Министерството за транспорт и врски. Потоа, беше посочено дека има случаи кога вработени од надлежни институции не излегуваат на терен за да дадат мислење, а и законски утврдената процедура за донесување на урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место, како и за пренамена на земјоделско во градежно земјиште е многу долга. Беше предложено да се формира работна група или да се организираат директни состаноци со претставници од овие институции, со цел што поскоро надминување на воочените пречки при донесувањето на плановите.

Членовите на Комисијата на овој состанок изнесоа одредени размислувања за зголемување на надлежностите на локалната самоуправа, при што посочија низа примери од соседните земји каде управувањето со земјишната политика, шумите и пасиштата е во надлежност на локалната самоуправа. Присутните ја предложија и можноста на годишно ниво да се обезбеди дополнителна финансиска помош за општините кои понекогаш, поради своите ниски буџети се доведени во ситуација да не можат да ги остваруваат

## U PREZANTUAN SFIDA TË SHUMTA TË KOMUNAVE ME SELI NË FSHAT

Bllagoj Iliev, Kryetar i Komunës së Konçës u zgjodh për kryetar të Komisionit të zhvillimit rural në seancën konstitutive që u mbajt më 25 mars 2019. U theksua se përveç anëtarëve të zgjedhur, në punën e këtij trupi do të mund të përfshihen edhe kryetarë të tjerë komunash, komunat e të cilëve kanë seli në fshat, kur për këtë do ta konstatojë nevojën Komisioni, e me qëllim të shqyrtimit gjithëpërfshirës të problemeve dhe sjelljes së zgjidhjeve të përbashkëta.

Të pranishmit shqyrtuan gjendjet aktuale në këtë sferë, me ç'rast si pikë e veçantë u theksuan sfidat me të cilat ballafaqohet pushteti lokal gjatë realizimit të programeve për zhvillim rural. Të pranishmit u informuan se në arkivin e Ministrisë së Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, deri më tani një numër i vogël i komunave kanë dërguar shkresë me shkrim për vërejtjet e tyre për arsyet për ndërprerjen dhe morspërfundimin e projekteve që duhet të financohen nga Programi kombëtar i zhvillimit rural, edhe pse kjo u kërkua nga Ministria në takimin e mbajtur që në muajin janar të vitit 2019. Po ashtu u theksua se nuk janë realizuar as kërkesat e komunave të prezantuara në këtë takim, ndër të cilat edhe kërkesa për përmirësimin dhe përshpejtimin e aktiviteteve për zhbllokimin e procedurave të ndërprera për miratimin e planeve urbanistike. Përkundrazi, të pranishmit konstatuan një sërë rastesh të ngecjes së procedurave, ndërsa u theksua se njëra e arsyeve më të shpeshta për këtë është mosfunksionimi i sistemit e-urbanizam, që është në kompetencën e Ministrisë së Transportit dhe Lidhjeve. Pastaj u theksua se ka raste kur të punësuarit e institucionit kompetent nuk dalin në terren për të dhënë mendim, ndërsa u theksua se edhe procedura e përcaktuar me ligj për miratimin e planit urbanistik për fshat, planit urbanistik për vend që gjendet jashtë një vendbanimi, si dhe për shndërrimin e tokës bujqësore në tokë ndërtimore është shumë e gjatë. U propozua të formohet grup punues ose të organizohen takime të drejtpërdrejta me përfaqësuesit e këtyre institucioneve, me qëllim që të tejkalohen sa më shpejt pengesat e konstatuara gjatë miratimit të planeve.

Anëtarët e Komisionit në këtë takim prezantuan mendime të caktuara për rritjen e kompetencave të vetëqeverisjes lokale, me ç'rast dhanë një sërë shembujsh nga vendet fqinje ku menaxhimi me politikën e tokave, pyjeve dhe kullotave është në kompetencë të vetëqeverisjes lokale. Të pranishmit propozuan edhe mundësinë që në nivel vjetor të sigurohet ndihmë shtesë financiare për komunat, të cilat nganjëherë për shkak të buxheteve të vogla të tyre, nuk janë në gjendje t'i realizojnë as kompetencat e tyre bazë. U theksua se komunat me seli në fshat





ни своите основни надлежности. Беше нагласено дека општините со седиште во село се соочуваат и со ограничени човечки ресурси, со оглед на сè позачестениот бран на иселување, односно напуштање на овие средини, особено од работоспособен кадар.

Членовите на Комисијата за рурален развој дискутираа и за приходите од издавањето на државното земјоделско земјиште, што се делат помеѓу централната и локалната власт, односно на општината на чија територија се наоѓа земјиштето кое се издава под закуп. Бидејќи во комисиите за давање на земјиште под закуп има по еден член од локалната власт, а многу често МЗШВ тоа лице го назначува од општините во кои се поставени подрачните единици на МЗШВ, поради групирањето на парцелите кои се издаваат под закуп, за различни подрачја, останатите општини немаат увид во целокупните средства кои се добиени по овој основ, како и увид во средствата кои е потребно општината да ги добие врз основа на направена поделба.

По овие дискусии Комисијата за рурален развој ги донесе следниве заклучоци:

- да се прифатат сите досега утврдени заклучоци, донесени во март, 2018 година на состанок на сите рурални општини;
-да се организираат заеднички состаноци со претставници од надлежните институции за надминување на предизвиците при донесувањето на урбанистички планови. Состаноците да се тематски и со соодветната институција, одговорна за спорниот предизвик;
-да се формираа работна група, доколку за тоа има потреба, во која учество ќе земат, покрај претставници од ЗЕЛС, и претставници од сите институции пред кои е воочен застој при донесувањето на урбанистичките планови;
-да се испрати барање до Министерството за финансии и до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство општините редовно да добиваат увид во издаденото земјиште под закуп на територијата на конкретна општина, увид во целокупните средствата кои се добиени по овој основ, како и увид во средствата кои е потребно општината да ги добие;
-да се разгледаат сите можности за развивање на мерки за стимулирање на неразвиените општини со дополнителна финансиска помош на годишно ниво;
-да се утврдат мерки за спречување на иселувањето од руралните средини.

ballafaqohen edhe me resurse të kufizuara njerëzore, duke marrë parasysh numrin gjithnjë më të shpeshtë të emigrimit, përkatësisht lëshimit të këtyre mjediseve, sidomos nga kuadrot e aftë për punë.

Anëtarët e Komisionit të zhvillimit rural diskutuan edhe për të ardhurat nga dhënia e tokës shtetërore bujqësore me qira, të cilat i ndajnë pushteti qendror dhe ai lokal, gjegjësisht komunat në territorin e të cilave gjendet toka e cila jepet me qira. Sepse në komisionet për dhënien e tokës me qira ka nga një anëtar nga pushteti lokal, e shumë shpesh MBPEU-ja e emëron këtë person nga komunat në të cilat gjenden njësitë rajonale të MBPEU-së, për shkak të grupimit të parcelave që jepen me qira, për zona të ndryshme, komunat e tjera nuk kanë informacione për mjetet e përgjithshme që janë marrë në këtë bazë, si dhe informacione për mjetet të cilat duhet t'i marrë komuna në bazë të ndarjes së bërë.

Pas këtyre diskutimeve, Komisioni i zhvillimit rural i mori këto konkluzione:

-të pranohen të gjitha konkluzionet e përcaktuara deri më tani, të miratuara në mars të vitit 2018 në takimin e të gjitha komunave rurale;
-të organizohen takime të përbashkëta me përfaqësuesit e institucioneve kompetente për tejkalimin e sfidave gjatë miratimit të planeve urbanistike. Takimet të jenë tematike dhe me institucionin përkatës, përgjegjës për sfidën e kontestuar;
-të formohet grup punues, nëse ka nevojë për këtë, në të cilin, përveç përfaqësuesve të BNJVL-së, do të marrin pjesë edhe përfaqësues nga të gjitha institucionet te të cilat është konstatuar ngecje gjatë miratimit të planeve urbanistike;
-të dërgohet kërkesë në Ministrinë e Financave dhe në Ministrinë e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave që komunat të marrin rregullisht informacione për tokën e dhënë me qira në territorin e komunës konkrete, informacione për mjetet e tërësishme që i marrin në këtë bazë, si dhe informacione për mjetet të cilat duhet t'i marrë komuna.
-të shqyrtohen të gjitha mundësitë për zhvillimin e masave për të stimuluar komunat e pazhvilluara, me ndihmë shtesë financiare në nivel vjetor;
-të përcaktohen masa për pengimin e emigrimit të njerëzve nga mjediset rurale.

## ГАСИФИКАЦИЈА И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА - ФОКУС ВО РАБОТЕЊЕТО НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД

Градоначалникот на Општина Гостивар, Арбен Таравари, беше избран за претседател на Комисијата за енергетика при ЗЕЛС, на конститутивната седница одржана на 26 март, 2019 година. Присутните констатираа дека секторот енергетика е од огромно значење за општините и дека треба да му се посвети поголемо внимание. Во таа насока беше предложено детално да се разгледаат постојните закони кои ја опфаќаат проблематиката од оваа област, особено Законот за енергетика, како и Законот за енергетска ефикасност чии измени се во тек. Беше посочено дека е потребно поголемо вклучување на општините со

## GAZIFIKIMI DHE BURIMET E RIPËRTËRITSHME TË ENERGJISË – FOKUS I PUNËS SË KOMISIONIT TË ENERGJETIKËS NË PERIUDHËN E ARDHSHME

Kryetari i Komunës së Gostivarit, Arben Taravari, u zgjodh kryetar i Komisionit të energjetikës të BNJVL-së në seancën konstituive që u mbajt më 26 mars 2019. Të pranishmit konstatuan se sektori i energjetikës ka një rëndësi të madhe për komunat dhe se duhet t'i kushtohet vëmendje më të madhe. Në këtë drejtim u propozua që të shqyrtohen hollësisht ligjet ekzistuese të cilat përfshijnë problematikën e kësaj sfere, sidomos Ligji për energjetikë, si dhe Ligji për efikasitet energjetik, ndryshimet e të cilave janë në procedurë. U theksua se është e nevojshme përfshirje më e madhe e komunave me komente dhe







адекватни коментари и мислења за предлог –законите, што ЗЕЛС редовно им ги испраќа уште кога тие се во постапка на измени или дополнувања. Членовите на Комисијата посочија дека фокусот на оваа Комисија засега треба да биде насочен најмногу кон состојбите со гасификацијата во земјава, особено во делот на обезбедувањето на секундарната мрежа, каде општините имаа голема улога, како и во областа на обновливите извори на енергија. Присутните истакнаа дека локалните власти немаат подетални сознанија за состојбите во инфраструктурните и други зафати во примарната, но и во секундарната гасификациска мрежа во земјава, заради што е потребна анализа до кој степен, генерално е стигната гасификацијата. Посочија дека станува збор за големи инвестиции, што се огромен предизвик за локалните власти, па во таа насока треба да се размислува за поддршка од централната власт, од Светска банка или други форми на јавно –приватно партнерство или субвенции. За рационално влегување во овие инвестиции на локалните власти, од голема полза би било обезбедување на мапирање на енергетските објекти, како и на големите стопански потрошувачи. Беше заклучено важноста на оваа тема да се потенцира на седница на Управниот одбор на ЗЕЛС и да се иницира дијалог со централната власт за овие прашања, особено за секундарната, но и за терцијарната мрежа на гасификација.

Присутните беа информирани дека се предвидува законско решение за формирање на своевиден фонд за енергетска ефикасност, со цел обезбедување на финансиска поддршка за активностите во оваа област. Тие

mendime adekuate për propozim-ligjet, të cilat BNJVL-ja ua dërgon rregullisht që kur janë në procedurë të ndryshimeve dhe plotësimeve. Anëtarët e Komisionit theksuan se fokusi i këtij Komisioni për momentin duhet të jetë i fokusuar në gjendjet e gazifikimit në vend, sidomos në pjesën e sigurimit të rrjetit sekondar, ku komunat patën rol të madh, si dhe në sferën e burimeve të ripërtëritshme të energjisë. Të pranishmit theksuan se autoritetet lokale nuk kanë informacione më të hollësishme për gjendjet e aktiviteteve infrastrukturore dhe të tjera në rrjetin primar, por edhe atë sekondar të gazifikimit në vend dhe për këtë arsye ka nevojë për analizë që të shihet se deri në cilën nivel është arritur gazifikimi në përgjithësi. Ata theksuan se bëhet fjalë për investime të mëdha që janë sfidë shumë e madhe për autoritete lokale dhe prandaj në këtë drejtim duhet të mendohet për përkrahje nga pushteti qendror, Banka Botërore dhe forma të tjera të partneritetit publik-privat ose subvencioneve. Për hyrjen racionale të autoriteteve lokale në këto investime, do të ishte shumë i dobishëm për to shënimi i objekteve energjetike dhe konsumatorëve të mëdhenj ekonomikë. U mor konkluzion që të theksohet rëndësia e kësaj teme në seancën e Bordit drejtues të BNJVL-së dhe të iniciohet dialog me pushtetin qendror për këto çështje, sidomos për rrjetin sekondar, por edhe për atë terciar të gazifikimit.

Të pranishmit u informuan se parashihet zgjidhje ligjore për formimin e njëlloj fondi të efikasitetit energjetik, me qëllim që të sigurohet mbështetje financiare për aktivitetet e kësaj sfere. Ata theksuan se gati të gjitha komunat, në

посочија дека речиси сите општини, во насока на заштеда на енергија и здрава животна средина реализираат проекти за енергетска ефикасност и имаат евидентни показатели на заштеда. Истакнаа дека има голема заинтересираност на инвеститори кои се обраќаат до локалната власт за обезбедување на земјиште за поставување на фотоволтаици, но општините се соочуваат со долгите процедури за пренамена на земјоделското во градежно земјиште. Беше предложено Управниот одбор на ЗЕЛС да иницира до надлежните институции олеснување на постапките и процедурите, при изработка на урбанистичките планови кои се однесуваат на потребите за обновливи извори на енергија. Исто така, беше предложено Управниот одбор на ЗЕЛС да дискутира и околу наплатата на комуналиите за оваа намена од страна на единиците на локална власт, односно за потребата од градење на унифициран став по ова прашање. Членовите на Комисијата посочија и на потребата од посериозна дискусија и за други предизвици, меѓу кои за можностите за преземање на оваа произведена струја во електроенергетскиот систем на МЕПСО. Со цел обезбедување на поголема стручност при разгледувањето на состојбите од областа на енергетиката и заземањето на конструктивни мислења и ставови на Комисијата беше посочена потребата за присуство на најмалку еден член од Мрежата за енергетика на седниците на ова тело.

drejtim të kursimit të energjisë dhe sigurimit të një ambienti të shëndetshëm jetësor, realizojnë projekte për efikasitet energjetik dhe kanë tregues evidentë kursimi. Ata theksuan se ka interesim të madh te investitorët të cilët i drejtohen pushtetit lokal për të siguruar tokë për të vendosur panele fotovoltaike, por komunat ballafaqohen me procedura të gjata për shndërrimin e tokës bujqësore në atë ndërtimore. U propozua që Bordi drejtues i BNJVL-së të iniciojë iniciativë për institucionet kompetente për lehtësimin e procedurave gjatë përgatitjes së planeve urbanistike që kanë të bëjnë me nevojat e burimeve të ripërtëritshme të energjisë. Gjithashtu u propozua që Bordi drejtues i BNJVL-së të diskutojë edhe për arkëtimin e mjeteve të shërbimeve komunale, të cilat i arkëtojnë njësitë e vetëqeverisjes lokale për këtë qëllim, përkatësisht për nevojën e ndërtimit të një qëndrimi të unifikuar për këtë çështje. Anëtarët e Komisionit theksuan edhe nevojën për diskutim më serioz edhe për sfida të tjera, duke përfshirë mundësitë për ndërmarrjen e kësaj energjie të prodhuar në sistemin elektroenergjetik të MEPSO-së. Me qëllim të sigurimit të një profesionalizmi më të madh gjatë shqyrtimit të gjendjeve në sferën e energjetikës dhe marrjes së mendimeve dhe qëndrimeve konstruktive të Komisionit u theksua nevoja për pjesëmarrjen e të paktën një anëtari të Rrjetit të energjetikës në seancat e këtij trupi.

## ОДОЛГОВЛЕКУВАЊЕТО НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПЛАНОВИ-НАЈГОЛЕМ ПРЕДИЗВИК ЗА ОПШТИНИТЕ

## ZVARRITJA E PROCEDURËS PËR MIRATIMIN E PLANEVE URBANISTIKE – SFIDË MË E MADHE E KOMUNAVE

Благој Бочварски, градоначалникот на Општина Штип, беше избран за претседател на Комисијата за урбанизам и просторно планирање при ЗЕЛС, на конститутивната седница што беше одржана на 28 април, 2019 година. Членовите на Комисијата го нагласија најголемиот предизвик со кој се соочуваат сите локални власти, а тоа е долгиот временски период на донесување на урбанистичките планови, од причини што институциите надлежни за давање на мислење по истите не ги почитуваат роковите. Во таа насока беше истакнат и предизвикот со кој се соочува Општина Струга при донесувањето на урбанистички план, за кој се чека потребното мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион. Стана збор и за рестриктивните одредби за начинот на градење во заштитените подрачја, па често инвеститорите го губат интересот и се откажуваат, а општината губи можности за развивање на локалната економија. Бавното усвојување на урбанистичките планови, според присутните, претставува дополнителен поттик и за градење на бесправни објекти.

Присутните дискутираа и за новиот Предлог- закон за урбанистичко планирање кој е во собраниска процедура. Особено, стана збор за одредбата со која се дава можност општината која е со седиште во град и има повеќе од 80.000 жители, вклучително и градот Скопје, како посебна единица на локалната власт, да основа јавна установа за урбанизам за вршење на работите од областа на урбанистичкото планирање. Присутните посочија дека треба да се размисли да се намали утврдениот број на жители, односно тоа да може да се однесува

Bllagoj Boçvarski, Kryetari i Komunës së Shtipit u zgjodh për kryetar të Komisionit të urbanizmit dhe planifikimit hapësinor të BNJVL-së, në seancën konstituive që u mbajt më 28 prill 2019. Anëtarët e Komisionit theksuan sfidën më të madhe me të cilën ballafaqohen të gjitha autoritetet lokale, e ajo është periudha e gjatë kohore për miratimin e planeve urbanistike për shkak se institucionet që janë kompetente për dhënien e mendimit për ato, nuk i respektojnë afatet. Në këtë drejtim u theksua edhe sfida me të cilën ballafaqohen Komuna e Strugës gjatë miratimit të planit urbanistik, për të cilin pritet mendimi i duhur nga Komisioni për menaxhimin e trashëgimisë botërore natyrore dhe kulturore në rajonin e Ohrit. Bëhet fjalë edhe për dispozitat restriktive për mënyrën e ndërtimit në zonat e mbrojtura, kështu që investitorët shpesh e humbin interesin dhe heqin dorë, ndërsa komuna humb mundësitë për ta zhvilluar ekonominë lokale. Miratimi i ngadalshëm i planeve urbanistike, sipas të pranishmëve, është motiv shtesë për ndërtimin e objekteve të paligjshme.

Të pranishmit diskutuan edhe për Projekt-ligjin e ri për planifikim urbanistik, i cili është në procedurë në Kuvend. Sidomos, bëhet fjalë për dispozitën me të cilën jepet një mundësi që komuna, e cila është me seli në qytet dhe ka më shumë se 80.000 banorë, duke përfshirë edhe Qytetin e Shkupit, si njësi e veçantë e pushtetit lokal, të themelojë institucion publik për urbanizëm për kryerjen e punëve të planifikimit urbanistik. Të pranishmit theksuan se duhet të mendohet që të ulet numri i përcaktuar i banorëve, gjegjësisht kjo të vlejë edhe për komuna me mbi 60.000 banorë ose komuna më e madhe në





и на општини со над 60.000 жители, или најголемата општина во планскиот регион да има вакви надлежности и да ги покрива останатите локални власти во регионот. Присутните беа информирани дека ажурирањето на геодетските подлоги не треба да биде на товар на донесувачот на планот, како што е регулирано со постојните законски одредби и дека овој став на ЗЕЛС треба да се иницира повторно пред надлежните институции. Исто така, стана збор и за роковите за спроведување на јавна анкета во постапката за донесување на деталните урбанистички планови, каде при секое усвојување на урбанистички план може да има различна потреба од времетраењето на јавната анкета. Присутните ја изнесоа и потребата за зголемување на пропишаниот минимален број на вработени во јавните установи за вршење на работите од урбанистичкото планирање, односно да се предвиди број на вработени од најмалку 10 или 15 лица. Притоа, како сериозен предизвик за локалните власти беше посочен и недостатокот на градежни инспектори. Во поглед на иницијативите за изработка, односно изменување и дополнување на урбанистички план поднесени од страна на заинтересирани лица, беше посочено дека заради одбегнување на административните обврски и можните дополнителни трошоци за општините, би било подобро потребните набавки да ги спроведуваат поднесувачите на иницијативите, а не општините.

Членовите на Комисијата заклучија дека со цел утврдување на координирани ставови потребно е детално разгледување на Предлог-законот за урбанистичко планирање, како и на Законот за градење и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, со цел да се избегне нецелосна примена и различно толкување на одредбите кои произлегуваат од нив. Во насока на разгледување и на другите предизвици со кои се соочуваат општините при спроведувањето на постапките за донесување на урбанистичките планови беше заклучено во најкраток рок да се иницира одржување на работна средба со стручни лица од Министерството за транспорт и врски, на која би се повикале и претставници од академската фела од оваа област.

Членовите на Комисијата дискутираа и за постапувањето со бесправно изградените објекти, како голем проблем со кој се соочуваат општините и беа информирани за предлогот што го донесе Управниот одбор на ЗЕЛС на последната седница. Во контекст на утврдувањето на правниот статус на бесправните објекти, беше посочен и предлогот да им се даде можност на општините за оние објекти за кои не е поднесено барање за утврдување на статус, општините да можат по службена должност да поведат постапка за регулирање на правниот статус на бесправно изградените објекти, каде како категорија би биле одземени социјалните случаи, а со цел регулирање на правата на сопственост.

rajonin planifikues të ketë kompetenca të këtilla dhe t'i mbulojë autoritetet e tjera lokale në rajon. Të pranishmin u informuan se azhurnimi i bazave gjeodezike nuk duhet të jetë në kurriz të miratuesit të planit, siç është rregulluar me dispozitat ekzistuese ligjore dhe se ky qëndrim i BNJVL-së duhet të iniciohet përsëri para institucioneve kompetente. Gjithashtu bëhet fjalë edhe për afatet për zbatimin e anketës publike në procedurën e miratimit të planeve të detajuara urbanistike, ku gjatë çdo miratimi të planit urbanistik mund të ketë nevojë të ndryshme nga kohëzgjatja e anketës publike. Të pranishmit theksuan edhe nevojën për rritjen e numrit të paraparë minimal të të punësuarve në institucionet publike për kryerjen e punëve të planifikimit urbanistik, përkatësisht të parashihet që numri i të punësuarve të jetë më së pakut 10 ose 15 persona. Si sfidë serioze për autoritetet lokale u theksua edhe mungesa e inspektorëve të ndërtimit. Në aspektin e iniciativave për përgatitjen, gjegjësisht ndryshimin dhe plotësimin e planit urbanistik, të parashtruara nga ana e personave të interesuar, u theksua se për shkak të shmangies së obligimeve administrative dhe shpenzimeve të mundshme shtesë për komunat, do të ishte më mirë që furnizimet e nevojshme t'i zbatojnë miratuesit e iniciativave, e jo komunat.

Anëtarët e Komisionit morën konkluzion se me qëllim të përcaktimit të qëndrimeve të koordinuara, është e nevojshme të shqyrtohen në mënyrë të hollësishme Projekt-ligji për planifikim urbanistik, si dhe Ligji për ndërtim dhe Rregullorja për standarde dhe normativa për planifikim urbanistik, me qëllim që të evitohet zbatimi i paplotë dhe interpretimi i ndryshëm i dispozitave që dalin nga ato. Në drejtim të shqyrtimit edhe të sfidave të tjera me të cilat ballafaqohen komunat gjatë zbatimit të procedurave të miratimit të planeve urbanistike, u morr konkluzion që të iniciohet në afat sa më të shkurtër mbajta e një takimi të punës me persona profesionalë nga Ministria e Transport dhe Lidhjeve, në të cilin do të ftoheshin edhe përfaqësues nga profesioni akademik të kësaj sfere.

Anëtarët e Komisionit diskutuan edhe për trajtimin e objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme, si një problem i madh me të cilin ballafaqohen komunat dhe u informuan për propozimin që e miratoi Bordi drejtues i BNJVL-së në seancën e fundit. Në kontekstin e përcaktimit të statusit juridik të objekteve të paligjshme. U theksua edhe propozimi që t'u jepet mundësi komunave për ato objekte për të cilat nuk është parashtruar kërkesë për përcaktimin e statusit, komunat të kenë mundësi që sipas detyrës zyrtare të nisin procedurë për rregullimin e statusit juridik të objekteve të ndërtuara në mënyrë të paligjshme, ku si kategori do të hiqeshin rastet sociale, e me qëllim që të rregullohen të drejtat e pronësisë.

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**
тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. "Копенхагенска" бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**
tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. "Kopenhagenska" nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk